МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје
www.mrt.com.mk

Врз основа на член 132, став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Службен весник на РМ бр.184/13,13/14, 44/13, 101/14,132/14, 142/16,132/17) и член 66, став 1 од Статутот на ЈРП Македонска радиотелевизија бр.01-765/1 од 30.01.2015 година, Директорот на МРТ донесе:

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 02-2985/13
22.06.2018 год.
СКОПЈЕ

**ОДЛУКА**
за поништување на спроведениот интерен оглас бр.01/2018
за избор на кандидат за унапредување на давател на јавна услуга
во ЈРП Македонска Радиотелевизија

I. Со оваа Одлука се поништува спроведениот интерен оглас бр.01/2018 со бр.04-2985/4 од 28.05.2018 година за унапредување на давател на јавна услуга во ЈРП Македонска Радиотелевизија.

II. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

III. Одлуката да се објави на Огласната табла на МРТ и на ВЕБ страната на ЈРП МРТ.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

По барање бр.02-2985/1 од 16.05.2018 година од страна на Директорот на МРТ за распишување на интерен оглас бр.01/2018, а по претходно добиена согласност од страна на Министерството за финансии бр.18-907/2, 18-1769/2 и 18-2017/2 од 13.02.2018 година и согласно Годишниот план за вработување за 2018 година со бр.04-887/4 од 21.02.2018 година, преку Одделението за човечки ресурси, Директорот на МРТ на ден 28.05.2018 година објави интерен оглас бр.01/2018 со архивски бр.04-2985/4 на Огласна табла на МРТ и на Веб страната на ЈРП Македонска Радиотелевизија за унапредување на давател на услуга на работно место - Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ.

Директорот на МРТ со Решение бр.04-2985/5 од 06.06.2018 година формираше Комисијата за селекција за пополнување на работно место со унапредување на давател на услуга.

Комисијата за селекција и унапредување спроведе административна селекција и до Директорот на МРТ достави Записник бр.04-2985/7 од 14.06.2018 година со прилог Список на уредни кандидати.

Согласно член 31 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги бр. 01-2564/1 од 26.04.2018 година, Директорот на МРТ спроведе интервју со уредните кандидати и со пропратно писмо бр.02-2985/10 од 18.06.2018 година достави пополнети формулари со освоени бодови на кандидатите до Комисијата за селекција и унапредување, по што Комисијата за селекција и унапредување состави Записник со финална ранг листа бр.04-2985/11 од 19.06.2018 година со прилог Предлог-одлука за избор на кандидат по интерен оглас бр.01/2018 и истите ги достави до Директорот на МРТ.

Постапувајќи по член 124 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на МРТ со Барање согласност бр.02.2985/9 од 18.06.2018 година и обезбедено Мислење од Уредништвото на МРТ бр.14-2985/8 од 18.06.2018 година побара од Програмскиот Совет на МРТ согласност за именување на Одговорен уредник на Прв

програмски сервис на МТВ на кандидатот Анета Андонова, за што им достави на седницата и Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување по интерен оглас бр.01/2018.

Согласно надлежностите утврдени во членот 124 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Програмскиот Совет на МРТ донесе Одлука бр.02-2985/12 од 20.06.2018 година со која даде согласност за именување на кандидатот Анета Андонова за именување на работно место Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ.

Врз основа на спроведената постапка на интерен оглас, при донесување на одлуката на избор Директорот на МРТ констатираше дека од страна на стручните служби надлежни за спроведување на интерниот оглас (Сектор за поддршка на работата на Директорот на МРТ и Одделение за човечки ресурси) се сторени грешки во постапката при заверката и доставувањето на документацијата за добивање на согласност од Програмскиот совет на МРТ. Ваква постапка за унапредување согласно постојните законски прописи за прв пат се спроведува во ЈРП МРТ.

Директорот на МРТ, согласно своите надлежности за одговорно и законито работење утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на МРТ, донесе одлука како во диспозитивот.

IV. Примерок од Одлуката да се достави до:
- Кандидатите;
- Одделение за човечки ресурси (2 примероци)
- Архивата на МРТ

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Програмскиот совет на МРТ во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на Одлуката на Огласната табла на МРТ и на Веб страната на МРТ.

ЈРП Македонска Радиотелевизија